Цветан ГРОЗДАНОВ

# ЗА ПОРТРЕТИТЕ НА ТЕОФИЛАКТ ОХРИДСКИ

Пишувајќи за портретите на охридскиот архиепископ Константин Кавасила, првпат го поставивме прашањето за отсуството на ликовите на двајцата најистакнати поглавари на Охридската црква, Теофилакт и Димитрија Хоматијан. Констатацијата дека во сочуваните охридски цркви од средниот век не се откриени нивните портрети, сама по себе укажува дека големиот писател и истакнатиот канонист не добиле место во333 тематската програма на охридскиот живопис[1]). Тоа сознание и денес останува неизменето. Но, не може да се исклучи можноста за постоење на нивни портрети, насликани додека тие биле живи, кои не стигнале до нас. Низ изминатите дваесетина години истражувања на портретите на личности чиј култ бил втемелен во Македонија, не откривме никакви ликовни сведоштва за постоење на Хоматијановите портрети. Меѓутоа, неколку претстави на Теофилакт Охридски, насликани во доцниот среден век, го наметнаа отворањето на оваа тема, иако само како иницијален приод.

Огромната книжевна оставнина на Теофилакт, неговиот живот и посебно неговото архиепископување во Охрид, одамна се предмет на научни проучувања[2]). Благодарејќи на осветлу-

[1]) Ц. Грозданов, Прилози познавању средњовековне уметности Зборник за ликовне уметности, 2, Нови Сад 1966, 199—200.

[2]) Овде донесуваме извод од позначајните трудови што се однесуваат на животот и делото на Теофилакт Охридски: K. Krumbacher, Geschichte der byzantinische Litteratur, München 1897, 191—192; И. Снеговъ, История на Охридската архиепископия, I, София 1924, 198—204, 268—274; H. G. Beck, Kürche und theologische Literatur im byzantinischen Reich, München 1959, 649 sl.; P. Gautier, L'épiskopat de Théophylacte Héphaistos archevéque de Boulgarie, REB, t. XXI, Paris 1963, 159—178; Византијски извори за историју народа Југославије, III, Теофилакт Охридски, обрадио Р. Катичић, Београд 1966, 257—262, со постара литература; Б. Панов, Теофилакт Охридски како извор за средновековната историја на македонскиот народ, Скопје 1971, 11—45, со постара литература.



1. Св. Теофилакт, параклис Св. Јован Претеча, Протатон, Света Гора, 1526 година.

вањето на одделни вести од неговата кореспонденција и на други книжевни дела и вести утврдено е дека тој потекнува од Еврип на Евбеа, дека се школувал во Атина и во Цариград и дека бил ученик на Михаил Псел. Низ својата богата и многустрана дејност Теофилакт бил ѓакон на Великата црква (Света Софија во Цариград), мајстор на говорниците, воспитувач на царското семејство, а во 80-те години на XI век станал охридски архиепископ и таа должност ја заземал мошне долго, дури и во втората деценија на XII век. Починал во 1126 година[3]).

Од големата книжевна продукција на Теофилакт во подоцнежниот период, во XIV век и особено низ периодот на турското владеење, со најголема популарност се здобиваат толкувањата на Стариот и Новиот завет, пред сè, на евангелијата. Мошне рано преведени на словенски јазик, за нив постоел интерес и во дворските кругови, како што покажува и порачката на царицата Елена во средината на XIV век[4]). Најмногу вести за препишување на неговите толкувања потекнуваат од словенските манастири во Света Гора, Зограф и Хиландар[5]), но и од други манастири во Македонија, Бугарија и Србија[6]). Бројните преписи во кои се истакнува Теофилактовото авторство на толкувањата подоцна, во XVIII век, за него создале претстава како за еден од поборниците за словенската писменост. Тој факт пресудно влијаел за интересот кон него и за неговата појава во ликовната уметност на XVIII и XIX век во словенските манастирски средини на Хилендар и Зограф каде што неговиот лик нашол место во фрескоживописот и иконописот. Сепак, првата фаза во животот на Теофилактовите портрети се поврзува со постариот период на Охридската архиепископија.

За негувањето на неговиот култ е карактеристичен и податокот за чувањето на теофилактовите ракописи кои го содржеле Опширното житие на Климента. Имено, од петте познати ракописи на овој состав на Теофилакт, трите се сочувани во Света Гора и тоа еден во манастирот Ивирон и два во манастирот Дионисијат. Ивиронскиот примерок се датира во XV век, а

---

3) Утврдените податоци за биографијата на Теофилакт Охридски, заедно со отворените прашања и дополненија кон истата, донесува со свој коментар, Б. Панов, Теофилакт Охрдски како извор за сред. ист. на мак. народ. 11—45.

4) Љ. Стојановић, Стари српски записи и натписи, III, 40, № 4939.

5) Д. Богдановић Каталог ћирилских рукописа манастира Хилендара, Београд 1978, 296 (се наведуваат ракописите со предговори на четвероевангелијата и толкувањето на евангелието според Матеј).

6) И. Снегаровъ, История на Охрид. архиепископия I, 268, заб. 2, за описите на ракописите од Е. Спространов и Б. Цонев во Синодалната и Народната библиотека во Софија, каде се наоѓаат текстови на Теофилакт, собрани од повеќе манастири на Македонија и од други балкански средини.

другите во XVI век[7]) т. е. приближно во времето на најстариот сочуван портрет на Теофилакт. Како што е познато, охридскиот ракопис на Климентовото житие го понел со себе В. Григорович, додека ракописниот примерок од манастирот Св. Наум кој е печатен во москополската Аколутија, се смета дека е загубен[8]).

Соочен со отсуството на Теофилактовите ликови во охридскиот средновековен живопис низ подолг период на истражувања на охридската уметност, авторот на овие редови беше изненаден од сознанието дека неговиот портрет е насликан во Света Гора, во Протатон, во параклисот Св. Јован Претеча од 1526 година. Објавувајќи го прв пат овој портрет на Теофилакт, истакнуваме дека тој е претставен во рамките на единствена тематска целина на уште три личности, сврзани за охридските црковни и книжевни традиции, св. Еразмо, св. Климент Охридски и св. Константин Кавасила. Теофилакт и Кавасила се насликани во прозорецот кој се наоѓа на источниот крај од јужниот ѕид и поставени се фронтално, еден наспроти друг. Живописот е порачан од протепистатот Гаврил, кој имал тесни врски со Охрид или бил охриѓанец. Бидејќи живописот е завршен 1526 година мора да укажеме дека во тоа време отпочнало долгото, мошне влијателно архиерејство на охридскиот архиепископ Прохор, чија власт силно се почувствувала и на Света Гора.[9]).

Теофилакт Охридски е претставен како архиереј во длабока старост, со складни, благородни црти на лицето кое го заокружува седа коса и долга бела брада со рамен завршеток. Со оглед на фактот дека св. Климент и св. Константин Кавасила во оваа светогорска галерија на охриѓани имаат типични белези од старата охридска уметност, треба да се помислува дека зографот ги познавал и белезите на св. Теофилакт од некоја претстава која не стигнала до нас. Ова мислење упатува на постоење Теофилактов портрет или портрети во Охрид, што му биле познати на зографот и на ктиторот. Во тој домен, во оваа фаза на познавањата, ние се движиме во кругот на претпоставки и затоа мора да укажеме дека не ни е познато дали и Теофилакт имал долга ликовна традиција во Охрид, како што тоа бил случајот со св. Еразмо, св. Климент и св. Константин Кавасила. Другата алтернатива за постанокот на неговиот портрет би произлегувала од мислењето дека неговата фигура била вообличена подоцна, според барањата на почитувачите на неговото книжевно дело.

---

[7]) А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, София 1966, 11—12.

[8]) Исто, 13—14, 18.

[9]) Ц. Грозданов, Портрети на светителите од Македонија од IX—XVIII век, Скопје 1983, 96—99.



2. Св. Климент и св. Теофилакт, од Стематографијата на Христофор Жефарович, Виена 1741 година.

Повеќе од два века по сликањето на Протатон се среќаваме со втор лик на Теофилакт Охридски во графичка техника, изведен во Виена. Станува збор за бакрорезот на Теофилакт изведен во „Стематографијата“ на Христофор Жефарович и Томас Месмер од 1741 година, каде се поставени еден крај друг, во цел раст, фигурите на св. Климент кој е сигниран како охридски архиепископ и на св. Теофилакт кој е сигниран како архиепископ. Тие се на четвртиот лист на светителските фигури и на четвртата страница во групата на архиереите[10]). Св. Теофилакт Охридски, меѓутоа, не поседува никакви типолошки сличности со неговиот лик во протатонскиот параклис Св. Јован Претеча. Во „Стематографијата“, според цртежот на Жефарович, тој е претставен како не многу стар, негуван архиереј — писател, со куса брада и коса. Пред себе држи затворено евангелие со Распетието на Христос, аплицирано на корицата. Дали Жефарович се послужил со графичката претстава на Теофилакт во латинското издание на неговите толкувања на евангелието од 1552 година, издадено со предговор на Филип Монтан, не ни е познато. Се знае дека оваа книга со графички репродукции, вклучувајќи го и Теофилактовиот портрет, ја поседувал познатиот охридски митрополит од почетокот на XIX век Калиник, во својата лична збирка[11]).

Судејќи според сигнатурите на св. Климент и св. Теофилакт, Христофор Жефарович можеби не знаел точно чиј архиереј бил Теофилакт. Меѓутоа, неговото вклучување во „Стематографијата“ јасно говори дека тој бил приопштен кон јужнословенските светители. Тоа било во сообразност со идеологијата на пеќкиот патријарх Арсение IV кој се претставувал во Виена за поглавар на православните христијани од „целиот Илирик“[12]). Тоа било можно и затоа што охридскиот архиепископ Јоасаф не зел учество (заедно со своите верници) во австротурската војна 1737 година, бидејќи австриските трупи не влегле во неговата диецеза[13]). Христофор Жефарович како уметник кој се прилагодувал на порачките од влијателните мецени, во „Стематографијата“ низот на светителите го отпочнува со владетелската фигура на Стеван — Симеон Немања и на другите немањички светители, а потоа ги донесува македонските и бугарските светители.

Познато е дека „Стематографијата“ имала исклучително широко влијание во формирањето на свеста кај јужнословенските

---

10) Стематографија, Изобрашение оружиј илирических, изрезали у бакру Христофор Жефарович и Тома Месмер 1741, приредио д-р Динко Давидов 1972, Д (Нови Сад 1972, фототипско издање).

11) И. Снегаровъ, Из старините в Македония, Годишник на Духовната академия, том VI (XXXII) София 1975, 417.

12) Д. Медаковић, Историјске основе иконографије св. Саве у XVIII веку, Сава Немањић — Свети Сава, Београд 1979, 397—399.

13) Ц. Грозданов, Портрети, 201—202.



3. Св. Климент и св. Теофилакт, Хилендар, Света Гора, 1779 година.

народи. Со право се истакнува дека таа станала прирачник на јужнословенските зографи, а нејзиното влијание во сликањето на св. Теофилакт, засега може да се следи само во Света Гора.

Со непосредно рефлектирање на Жефаровичевиот бакрорез на Теофилакт во уметноста на XVIII век се среќаваме во параклисот Св. Сава во Хилендар, зографиран во 1779 година. Мајсторот на овој параклис ја имал пред себе „Стематографијата" и нејзините бакрорези дословно ги пренесувал во фреско-живописот. Во првата зона на параклисот, еден крај друг, се поставени „св. Климент архиепископ охридски" и „св. Теофилакт бугарски архиепископ", како што се сигнирани и кај Жефарович. Според истиот редослед, зографот ги пренел и другите фигури од овој прирачник, исто така еден крај друг, како што е случајот со св. Наум Охридски и св. Никодим, св. Теоктист и св. Давид (брат на цар Самуил), св. Ефтим и св. Методија Моравски и сл.[14]. При сликањето на св. Теофилакт мајсторот немал никакви типолошки предзнаења и се ползувал исклучиво со „Стематографијата". Имено, и овде, охридскиот писател (за разлика од неговиот протатонски портрет), има лице на мислител, испиено и бледо, со кратка црна брада и коса. Како и другите архиереи, носи богато украсен сакос, незнатно модифициран во однос на фигурата во „Стематографијата"; со десната рака благословува, а со левата држи отворено евангелие. Климент Охридски е поставен речиси на ист начин како и св. Теофилакт. Меѓутоа, се чини дека зографот и порано го сликал Климента Охридски, дека го имал уврстено во својата програма независно од „Стематографијата", така што му дал одредени типолошки белези, карактеристични за старата охридска иконографска традиција. Ктиторите на живописот во параклисот Св. Сава биле бугарски приложници, но самата тематска концепција ја диктирале манастирските поглавари. Приврзаноста кон „Стематографијата" во манастирската заедница на Хилендар, составена од Срби, Бугари и Македонци, веќе говори за истакнувањето на значајните словенски светителски имиња со што настојувале да остварат престиж во однос на грчките манастири и монаси. Верувањето дека св. Теофилакт бил еден од истакнатите словенски писатели, било всадено во свеста на луѓето од XVIII век и подоцна, а тоа се одразило и во тематската концепција на овој параклис. Како што истакнавме, тоа верување се изградувало најмногу врз основа на словенскиот превод на толкувањата на евангелијата кои биле постојано препишувани.

Мошне е значајна и светогорската група на словенски учители: св. Кирил, св. Методиј и св. Климент Охридски, кон кои

---

14) Д. Медаковић, Манастир Хиландар у XVIII веку, Хиландарски зборник 3, Београд 1974, 57.



4. Св. Теофилакт, св. Кирил, св. Методиј и св. Климент, икона, манастир Зограф, црква Св. Ѓорѓи, Света Гора, 1864 година.

бил приопштен и Теофилакт Охридски. Оваа група на светители е насликана во олтарскиот простор во главната црква на манастирот Зограф, Свети Ѓорѓија. Првиот словенски учител е поставен на пиластерот на северниот ѕид на олтарот, додека другите тројца светители се на северниот столб на истиот простор. Овој дел од живописот е завршен уште во 1816 година од Никифор кој бил предводник на сликарската група, но починал во текот на украсувањето на храмот. Живописот на олтарот на Св. Ѓорѓија, според добро сочуваниот натпис, е завршен 1817 година[15]). Фигурите на словенските учители само делумно се објавени, додека фигурата на Теофилакт Охридски воопшто не е репродуцирана. Затоа не сме во можност да утврдиме дали мајсторите на овој дел од живописот се ползувале со „Стематографијата". Меѓутоа, и самото групирање на овие светители, особено приклучувањето на Теофилакт кон словенските учители говори за духовната клима што владеела меѓу калуѓерите и ктиторите во Хилендар и Зограф во XVIII и XIX век. Тоа може да се утврди и врз основа на иконата од манастирот Зограф, а веруваме дека постојат и други, уште неоткриени примероци со слично тематско групирање.

Надвор од теченијата на претходниот период се појавува оваа икона од 1864 година што денес се чува во приемната одаја на Зограф. На иконата се поставени едни наспроти други, на левата страна св. Кирил и св. Теофилакт (сигниран како „патријарх трновски"), а од десната страна е св. Методиј и св. Климент кој е сигниран како „архиепископ охридски". Меѓу Солунските браќа е поставен аналој со евангелие и словенска азбука под него. Во горниот дел на композицијата е Христос на облаци, окружен со повеќе ангели; тие држат венци, награда што ги очекува во рајот словенските просветители поставени под нив. На долниот раб од иконата добро се чита натпис од кој се сознава дека Кирил, Методиј и Климент ја пронашле словенската азбука 855 г., дека нивната желба за просветување била исполнета од царот Симеон. Интересно е што во завршниот дел на овој долг натпис се објаснува дека Теофилакт бил повикан од цар Асен од Охрид и поставен за патријарх во Трново[16]). Прашањето на изворот за споменатите историски неточности може да се поврзе со текстот на Историјата на Паисиј Хилендарски. Точно, овој хилендарски калуѓер и историограф пишува дека Теофилакт како голем учител и светител бил извикан за патријарх од Охрид во Трново[17]). Нешто подоц-

---

[15]) А. Божков и А. Василиев, Художественото наследство на манастира Зограф, София 1981, 106—107.

[16]) Й Ивановъ, История славѣноболгарская, София 1941, 75—76.

[17]) Й. Ивановъ, Български старини изъ Македония, София 1931, 641.

на, во Зографската историја, е забележано дека Теофилакт бил „патријарх трновски“[18]). При проучувањето на можните извори на Паисиевата и Зографската историја не е откриено од каде потекнуваат овие историографски забуни и дали тие имале свој постар извор, што му претходел на „Стематографијата“ на Жефарович. Во времето кога била работена оваа икона се одвивале борбите за независни црковни организации, вклучувајќи го и движењето за обновување на Охридската архиепископија, па и на Трновската патријаршија, во времето на борбата на македонската и бугарската граѓанска класа против фанариотите. Интонацијата на натписот и концепцијата на иконата во Зограф, очигледно се инспирирани од оваа културна клима на издвојување од грчката црковна супремација.

Во врска со типолошките белези, мора да се истакне дека Климент Охридски нема заеднички физиономски црти со неговите фигури во старата охридска иконографија. Насликан со митра и жезло, седа обла брада и раскошен орнат, тој на зографската икона е вообличен според сфаќањата на уметноста во XVIII век. Св. Теофилакт со темната заокружена брада и лице тешко се доведува во врска со графиката на Жефарович и со неговиот портрет од Хилендар. Најверојатно, зографот кој не ја познавал старата традиција во претставувањето на Климент Охридски и на Теофилакт, дал сопствена визија на нивниот изглед што во уметноста на XVIII и XIX век не е ретка појава.

Прегледот на Теофилактовите портрети, прв од овој вид во историјата на уметноста, поставува и прашања на кои, во оваа фаза на истражувањата, не сме во состојба да одговориме. Веруваме дека уште не се откриени сите портрети на Теофилакт во Македонија и во Света Гора од доцниот среден век и од времето на преродбата. Подоцнежните истражувачи ќе имаат помалку хронолошко-ликовни празнини и можеби ќе воспостават континуитет во нивното обликување по појавата на најстариот познат лик од Протатон. Исто така веруваме дека проучувачите на Христофор Жефарович ќе дојдат до посигурни сознанија за изворите на неговата иконографија и појава меѓу јужнословенските светители. Ќе се воспостави и „книжевната топографија” на делата на Теофилакт, кои битно влијаеле во создавањето на неговиот култ во доцниот среден век. Соопштените резултати за Теофилактовите портрети врз основа на досегашните проучувања, би можеле да претставуваат основа за идните идентификации на Теофилактовите ликови, за уточнување на нивната еволуција и типолошки белези и врските на уметничките работилници меѓу Македонија, Света Гора и охридскиот културен круг.

Cvetan GROZDANOV

## ABOUT THE PORTRAIT OF TEOFILAKT OF OHRID


### Summary

At the beginning the author is pointing out that in the medieval art of Ohrid and Macedonia up to now the portraits of Teofilakt of Ohrid have not been descovered, though he was one of the most outstanding archbishops — writer in the history of the Ohrid church. The author thinks that his cult spread out later on, even in the XIV century and during the Turkish authority, which contributed to the later appearance of his portraits in the art. This eminent archbishop led the Ohrid Archbishophy till the end of the XI and the beginning of XII century.

The oldest up to now known portrait of Teofilakt is in Mount Athos, at the chapel of St. Jovan the Bapthizer on the complex Protatom with an inscription of this portrait accurately dated in 1526. Together with Teofilakt are painted three more Ohrid saints: St. Clement, St. Erazmo and St. Konstantin Kavasila. St. Teofilakt is represented as an old man with grey hair and beard. Wether he was painted on the base of older examples, we cannot say at the moment. The following known portrait of Teofilakt is in a copper ingraving technics a work of Hristofor Žefarović. It is published in his book „Stematography" published 1741 in Wien. As a frescocopy of this portrait by Žefarović, St. Teofilakt was painted in the chapel of St. Sava in Hilendar, Mount Athos, in 1799. At the beginning of the XIX century, in 1816, at the Zograf Monastery, Mount Athos, Teofilakt was painted, but up to now it is not published or reproducted as a photograph, so that we do not know its tipological indications. From the same monastery was found in icon from 1864 on which were represented together St. Cyril, St. Methodius, St. Clement and St. Teofilakt.

The author of this contribution thinks that in the course of further research work is expected to be descovered unknown portraits of this so known and important head of the Ohrid Arbishopry.